# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК
## НА ОПШТИНА ИЛИНДЕН

Број 6 | ЈУЛИ | 2011 година

# ОПШТИНА ИЛИНДЕН

**Илинден, 28 Јули 2011 година**

Согласно член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Сл.весник на Р.М. бр.5/2002) и член 37 од Статутот на општина Илинден (Сл.гласник бр.15/2010), Градоначалникот на општина Илинден, донесе :

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Одлуката за усвојување на Квартален извештај за извршување на Буџетот на Општина Илинден за II (втор) квартал од 2011 година**

Се објавува Одлуката за усвојување на Квартален извештај за извршување на Буџетот на Општина Илинден за II (втор) квартал од 2011 година, бр.07-3493/3 од 27.07.2011 година што Советот на Општина Илинден ја донесе на 36-тата (триесет и шестата) редовна седница одржана на ден 27.07.2011 година.

Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе биде објавено во Службен гласник на општина Илинден.

**Арх.бр. 08-3836/1**
**Од 28.07.2011 год.**

**ОПШТИНА ИЛИНДЕН**
**Градоначалник**
**Жика Стојановски с.р**

Врз основа на член 36 став 1 точка 7 од Законот за локална самоуправа (Сл.весник на Р.М бр.05/02) и член 134 став 2 од Деловникот за работа на Советот на општина Илинден (Сл.гласник на општина Илинден бр.12/09), Советот на општина Илинден на седницата одржана на ден 27.07.2011 година, донесе:

# О Д Л У К А
## за усвојување на Квартален извештај за извршување на Буџетот на Општина Илинден за II (втор) квартал од 2011 година

**Член 1**

Се усвојува Кварталниот извештај за извршување на Буџетот на Општина Илинден за II (втор) квартал од 2011 година.

**Член 2**

Кварталниот извештај за извршување на Буџетот на Општина Илинден за II (втор) квартал од 2011 година е составен дел на оваа Одлука.

**Член 3**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на нејзино објавување во Службениот гласник на општина Илинден.

**Совет на општина Илинден**
**Претседател**
**м-р Марјан Милошевски с.р**

**Архивски број: 07-3493/3**
**Датум на донесување: 27.07.2011г.**

Согласно член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Сл.весник на Р.М. бр.5/2002) и член 37 од Статутот на општина Илинден (Сл.гласник бр.15/2010), Градоначалникот на општина Илинден, донесе :

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Програмата за работа во областа на располагањето со градежното земјиште сопственост на Република Македонија на подрачјето на Општина Илинден за 2011 година**

Се објавува Програмата за работа во областа на располагањето со градежното земјиште сопственост на Република Македонија на подрачјето на Општина Илинден за 2011 година, бр.07-3493/4 од 27.07.2011 година што Советот на Општина Илинден ја донесе на 36-тата (триесет и шестата) редовна седница одржана на ден 27.07.2011 година.

Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе биде објавено во Службен гласник на општина Илинден.

**Арх.бр. 08-08-3836/2**
**Од 28.07.2011 год.**

**ОПШТИНА ИЛИНДЕН**
**Градоначалник**
**Жика Стојановски с.р**

Врз основа на член 89 од Законот за градежно земјиште (Сл.весник на РМ бр.17/2011 од 11.02.2011), Советот на Општина Илинден на седницата одржана на ден 27.07.2011 година, донесе

# ПРОГРАМА ЗА РАБОТА ВО ОБЛАСТА НА РАСПОЛАГАЊЕТО СО ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ ВО СОПСТВЕНОСТ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА НА ПОДРАЧЈЕТО НА ОПШТИНА ИЛИНДЕН ЗА 2011 ГОДИНА

**Вовед**

- Општ дел
- Просторен опфат и предмет на Програмата
- Основи за изработка на Програмата
  - Законски основ
  - Основни плански документи
- Лица вклучени во изработка на Програмата

**Глави на Програмата**

1. **Цели на Програмата**
- Општи цели на Програмата
- Конкретни цели на Програмата по населени места, урбани блокови и локалитети

2. **Обем и преглед на градежно земјиште што е предмет на Програмата (групирани по урбанистички план)**
- Листа на градежни парцели што ќе бидат предмет на менаџирање во тоа населено место/локалитет
- Графички прилог со одбележани градежни парцели што ќе бидат предмет на менаџирање во тоа населено место/локалитет
- Детален преглед на градежни парцели (групирани по предвидена активност)
  а. Градежни парцели што ќе бидат предмет на отуѓување по пат на јавно надавање
  б. Градежни парцели што ќе бидат предмет на издавање под долготраен закуп по пат на јавно надавање

3. **Маркетинг стратегија за промоција на градежното земјиште што е предмет на оваа Програма**
- Дефинирање на целна група за оделни групи на градежни парцели
- Дефинирање на најефикасните маркетинг пристапи, алатки и канали
- Дефинирање на опфатот и трошоците поврзани со имплементација на маркетинг стратегијата
- Дефинирање на временската рамка за имплементација на маркетинг стратегијата
- Лица задолжени за имплементација на маркетинг стратегијата

4. **Динамика на реализација на Програмата**
- Број на турнуси за објавување на оглас, временски период за објавување на огласите и распределба на градежните парцели по турнуси
- Пропишување на условите за надавање
- Лица надлежни за реализација на Програмата

5. **Проценка на финансиските приливи по основ на реализација на Програмата (приходна страна на Програмата)**

6. **Проценка на финансиските средства потребни за реализација на Програмата (расходна страна на Програмата)**

7. **Преодни и завршни одредби**

## Содржини и теми во Програмата

## ВОВЕД

### Општ дел

Со донесување на новиот закон за градежно земјиште (Сл.весник на РМ бр.17/2011 од 11.02.2011), градежното земјиште може да биде во сопственост на Република Македонија, општините, општините во градот Скопје и градот Скопје, домашни и странски правни и физички лица.

Сопственоста на градежното земјиште создава права и обврски. Сопственоста на градежното земјиште вклучува и право на градење на земјиштето. Одлука за стекнување на сопственост на градежното земјиште за општините, општините во градот Скопје и градот Скопје донесува Советот.

Сопстеноста на општините им ги овозможува следните права: на градење, користење, пренесување на правото на градење на други лица и отуѓување на градежното земјиште.

Со градежното земјиште сопственост на Република Македонија управува Владата на Република Македонија.

Градежното земјиште наменето за општа употреба можат да го користат сите правни и физички лица, општините, општините во градот Скопје и градот Скопје. Правото на користење Владата на Република Македонија може да го пренесе на општините.

Сопственоста на градежното земјиште ја опфаќа неговата површина и се она шето е со него трајно поврзано, а се наоѓа над или под површината.

Градежното земјиште е добро од општ интерес за Република Македонија, а уредувањето на градежното земјиште е од јавен интерес.

Градежното земјиште може да биде изградено и неизградено, уредено и неуредено. Изградено градежно земјиште е земјиште на кое е изграден објект од траен карактер и земјиштето што служи за редовна употреба на објектот во граници на градежната парцела.

Уредено градежно земјиште е земјиште опремено со комунална инфраструктура, додека неуредено е земјиште на кое нема изграедно комунална инфраструктура.

Градежно земјиште е земјште кое е планирано со урбанистички план или урбанистичка планска документација.

Градежна парцела е дел од градежното земјиште, чии граници се утврдени со урбанистички план или урбанистичка планска документација и може да се состои од една, од дел или од повеќе катастарски парцели.

Објект од траен карактер е објект изграден со документација (одобрение) и заведен во јавните книги за недвижности.

Објект од времен карактер е објект поставен со одобрение за поставување до реализација на урбанистички план или урбанистичка документација. Времените објекти не се дел од градежното земјиште и врз основа на нив не може да се стекне сопственост на градежното земјиште.

Инфраструктурен објект е подземна или надземна градба за инсталации од комуналната инфраструктура.

Прометот со градежното земјиште е слободен.

Градежното земјиште сопственост на Република Македонија може да се отуѓи, даде на користење (концесија или јавно приватно партнерство), даде под долготраен и краткотраен закуп, разменува или да се востановат други стварни права.

## А) Просторен опфат и предмет на Програмата

Предмет на Програмата е менаџирање со градежното земјиште во сопственост на Република Македонија што се наоѓа на територијата на Општина Илинден, дефинирана според територијалната организација на Република Македонија, за време на календарска 2011 година, а врз основа на донесените урбанистички планови од страна на Совет на општина Илинден врз основа на кои може да се издаде одобрение за градење.

Во текот на годишната Програмата се предвидува предмет на менаџирање со градежното земјиште во сопственост на Република Македонија да бидат градежните парцели што се наоѓаат на териториите на следните населени места и локалитети: Илинден, Марино, Кадино и Ајватовци и тоа согласно следните урбанистички планови и урбанистички плански документации :

1.Урбанистичкиот план вон населено место Илинден за дел од Стопански комплекс КО Илинден –УБ1. Измена и дополна, плански опфат помеѓу ул.1, ул.2, ул.3 и ул.11, Одлука бр.07-1313/3 од 30.06.2010 год.

2.Урбанистички план вон населено место за стопански комплекс во атар на село Илинден УБ1, УБ2, УБ3 и УБ4 измена и дополна, Одлука бр.07-464/3 од 13.03.2009 год.

3.Урбанистичкиот план за дел од село Марино, дел од блок 28 –Локалитет 13 измена и дополна, Одлука бр.07-464/2 од 13.03.2009 год.

4.Урбанистички план за село Илинден, Марино и дел од КО Кадино за стопански комплекс Локалитет 14 и 15 општина Илинден, измена и дополна, Одлука бр.07-1671/5 од 08.10.2010 год.

5.Урбанистичкиот план Изменување и дополнување на урбанистички план за село Кадино и Мралино Локалитет 16 и 17, блок 1, блок 2, блок 3 и блок 6, Одлука бр.07-2577/6 од 17.12.2008 год.

6.Урбанистички план вон населено место Кадино Локалитет 19, плански опфат помеѓу ул.532, ул.8, ул.4 и новопланирана улица 1, Одлука бр.07-327/4 од 16.02.2010 год.

8.Измена и дополна на Урбанистички план за село (за населени места Илинден, Марино и дел од КО Кадино) Локалитет Спортски центар, Одлука бр.07-1356/3 од 27.07.2007 год.

9.Урбанистички план за село Илинден, Марино и дел од КО Кадино за локалитет Ограѓа - општина Илинден изменување и дополнување, Одлука бр.07-1322/2 од 27.07.2009 год.

10.Локална урбанистичка планска документација за стопански комплекс КП бр.1807/1 КО Илинден Локалитет Трница, Решение за одобрување бр.10-99/6 од 09.02.2010 год.

**Б) Основи за изработка на Програмата**

- **Законски основ**

Законски основ на програмата за управување со градежното земјиште се:
Закон за локалната самоуправа (Сл. Весник на РМ 5/2002), Закон за градежно земјиште (Сл.весник на РМ бр.17/2011 од 11.02.2011) и чл. 20 од Статутот на Општина Илинден (Сл. Гласник бр. 15/2010)

- **Основни плански документи**

Други документи потребни за изработка на Програмата се следните стратешки, развојни и плански документи донесени на локално ниво:

◦**Стратегија за локален економски развој на Општина Илинден за плански период од 2006 до 2011 година.**

Цели и развојни правци : До 2011 година, Илинден да прерасне во урбана, атрактивна и конкурентна општина во регионот и пошироко, со создадени услови заодржливекономскии социјален развој, како и квалитетен живот на населението. При тоа како галавни приоритети се дефинирани : создавање на современа и комплетна инфраструктура и ефикасни јавни услуги за потребитенаграѓанитеистопанството; создавање на поволни услови за одржлив економски развој и создавање на поволна инвестициона клима и отварање на нови работниместа; зајакнување и промовирање на релациите на партнерства помеѓујавниотиприватниотсектор; искористување на локалните ресурси и создавање услови за рекреативен и транзитен туризам; развивање на образовниот процес, културата, здравството, спортот и заштита на животната средина во насока на подобрување на квалитетот на живеење во Општината Идентификувани приоритетни области за развој : инфраструктура ; јавни услуги; образование; економски развој и руралenразвој.

◦**Локален еколошки акционен план за Општина Илинден за плански период од 2006 до 2012 година.**

Дефинирање, проценка и презентирање на проблемите од областа на животната средина базирани на ризикот за здравјетто, екосистемите и генерално квалитетот на животот, развивање стратегии и активности за намалување на ризиците за животната средина, зголемување на јавната свест и одговорност, зголемување на подршката од јавноста за инвестиции од областа на заштита наживотната средина, воспоставување структура за соработка меѓу општествените чинители на локално ниво, создадени услови и локални капацитети за идни инвестиции за решавање на проблемите од областа на животната средина, изработката на ЛЕАП е од корист за локалната самоуправа, локалните бизниси, локалните невладини организации, идентификување и дефинирање на приоритетите и акциите : изградба на канализационен систем за прифаќање и третман на фекалните и атмосферските води, прочистување на одводните канали, уредување на депонија за отпад, загадување на воздухот од ОКТА и други загадувачи, мониторинг систем за следење на квалитетот на воздухот, уредување на рекреативно – излетнички центар, селектирање и рециклирање на отпадот, регулирање на диви депонии, заштита на земјоделското земјиште од узурпација, заштита на земјиштето од прекумерна употреба на вештачки ѓубрива и хемиски заштитни средства, план за заштита и обновување на природата, формирање на НВО и здруженија на граѓани за подигање на еколошката свест.

◦**Програма за изработка на урбанистички планови на подрачјето на општина Илинден за 2011 година бр.07-2169/10 од 22.10.2010 година**

Основна цел и задача на урбанистичките планови на подрачјето на општина Илинден :

- оптимална организација и користење на просторот преку негова функционална интеграција, кохезија и рамномерност во развојот,
- одржливо користење на природните ресурси,
- заштита на животната средина,
- хуманизација на условите на живеењето,
- максимално вклучување во развојните процеси на непосредното и пошироко окружување,
- промоција на долгорочен и одржлив социо-економски развој,
- спречување на штетно влијание врз животната средина,
- различната примена на расположивиот простор и економскиот баланс на регионите,
- одржувањето и внимателното постапување со природните ресурси,
- создавање на порационална организација на различните видови на користење на земјиштето, како и нивна меѓусебна поврзаност, со што би требало да се избалансираат потребите од социо-економски развој, квантитативно квалитативна трансформација на содржините во просторот,
- достигнување на повисок степен на просторна организација,
- хуманизација на просторот, подобрување на условите за живеење иунапредување на животната средина

- Функционална, економска и социјална интеграција на Регионот, поврзување со соседните простори поодделно и Републиката во целост;
- заштита, и користење на продуктивното земјоделско земјиште за примарно производство;

◦**Стратегија за млади на општина Илинден бр.07-2187/9 од 24.12.2010 година објавена во Службен гласник бр.16**

- Зголемување на степенот на вработеност
- Подршка на претприемаштвото на младите
- Подобрување на инфраструктурата
- Изградба на Дом на култура, кино и театар, средно училиште,
- Изградба на затворен базен и др.

**<u>В) Лица вклучени во изработка на Програмата</u>**

- Јулијана Димитријевска, дипломиран инженер архитект, Раководител на Одделение за урбанизам, комунални дејности и заштита на животна средина,
- Дејанче Богдановски, дипломиран машински инженер, Раководител на одделение за локален економски развој,
- Гордана Стојкоска, дипломиран правник, Раководител на одделение за човечки ресурси,
- Сашо Саздовски, дипломиран економист, Раководител на одделение за финансиски прашања,
- Милка Петковска, дипломиран инженер архитект, Советник за локациски услови и одобренија за градење
- Ивица Трипуновски, дипломиран правник, Виш соработник за нормативно правни работи.

## ГЛАВИ НА ПРОГРАМАТА

**<u>1.Цели на Програмата</u>**

- **Општи цели на Програмата**

Обезбедување на услови за социо-економски развој на општината, преку правење просторни услови за развој.

- **Конкретни цели на Програмата по населени места, урбани блокови и локалитети**

Заинтерсираните граѓани за изградба на сопствени простори за обавување на дејност можат да ја реализираат својата потреба, а со тоа да придонесат за развој на населеното место/локалитет, користење на локалните ресурси, вработување на лица, обезбедување на подобри услови за живеење.

2.Обем и преглед на градежно земјиште што е предмет на Програмата (групирани по населено место и по урбанистички план)

- **Детален преглед на градежни парцели што ќе бидат предмет на менаџирање по населено место и урбанистички план (Табеларен и графички прилог)**

| Бр. | Градежни парцели | Населено место | Назив на урбанистички план | Број на ГП |
|---|---|---|---|---|
| 1 | ГП3.1, ГП 1.4, 1.1 | Илинден | Урбанистички план вон населено место Илинден за дел од Стопански комплекс КО Илинден –УБ1. Измена и дополна, плански опфат помеѓу ул.1, ул.2, ул.3 и ул.11 и Урбанистички план вон населено место за стопански комплекс во атар на село Илинден УБ1,УБ2,УБ3 иУБ4 измена и дополна | 3 |
| 2 | 1.1, 1.2, и ГП 1.3 | Илинден - Ограѓа | Урбанистички план за село Илинден, Марино и дел од КО Кадино за локалитет Ограѓа - општина Илинден изменување и дополнување | 3 |
| 3 | ГП 1.1 | Илинден - Трница | Локална урбанистичка планска документација за стопански комплекс КП бр.1807/1 КО Илинден Локалитет Трница | 1 |
| 4 | ГП 2.4, 2.5, 2.6, 2.7, 2.8, 2.9,2.10, 2.11, 2.12, 2.13, 2.17 и ГП 2.18 | Илинден - Спортски центар | Измена и дополна на Урбанистички план за село (за населени места Илинден, Марино и дел од КО Кадино) Локалитет Спортски центар | 12 |
| 5 | ГП 1.23, 1.24, 1.25, 1.26, 1.27, 1.28, 1.29, 1.30, 1.31, 1.32, 1.33, 1.34, 1.35, 1.36, 1.37, 1.38, 1.39, 1.40, 1.41, 1.42, 1.43, 1.44, 1.45, 1.46, 1.14 и ГП 1.15 | Марино – Локалитет 13 | Урбанистички план за дел од село Марино, дел од блок 28 –Локалитет 13 измена и дополна | 26 |
| 6 | ГП 14.5 | Марино – Локалитет 14 и 15 | Урбанистички план за село Илинден, Марино и дел од КО Кадино за стопански комплекс Локалитет 14 и 15 општина Илинден, измена и дополна | 1 |
| 7 | ГП 1.4 | Кадино – Локалитет 19 | Урбанистички план вон населено место Кадино Локалитет 19, плански опфат помеѓу ул.532, ул.8, ул.4 и новопланирана улица 1 | 1 |
| 8 | ГП 1.1, 1.3, 1.5 и 1.7 | Кадино – Локалитет 16 и 17 | Урбанистичкиот план Изменување и дополнување на урбанистички план за село Кадино и Мралино Локалитет 16 и 17, блок 1, блок 2, блок 3 и блок 6 | 4 |
| ВКУПНО | | | | 51 |

- **Детален преглед на градежни парцели**

**А. Градежни парцели што ќе бидат предмет на отуѓување по пат на јавно надавање**

# ЕКОНОМСКА ЗОНА ИЛИНДЕН




**Урбанистички план вон населено место Илинден за дел од Стопански комплекс КО Илинден УБ 1, 2, 3 и 4**
измена и дополна, Општина Илинден, план 2008-2018

- Површина на плански опфат П=57.63 ха
- Градежни парцели сопственост на РМ за кои треба да се отпочне постапка за отуѓување 0.78ха
- Намена – Г2 лесна и незагадувачка индустрија

| | |
|---|---|
| Бр. на ГП | 3.1 |
| Вк.површ- на ГП | 7895 м2 |
| Намена | Г2 |
| Бр. на КП | 195/4 |
| Површ. за градба | 4341 м2 |
| Бруто разв.површ. | 8685 м2 |
| Процент на изград. | 70 |
| Коеф. на искорист. | 1.1 |
| Макс.дозвол.Н | 12 м |
| Катност | П+2 |
| Поч.цена по м2 | 1Е/м2 |
| Вк.поч.цена по м2 | 7895 Е |

# ЕКОНОМСКА ЗОНА ИЛИНДЕН

**Урбанистички план вон населено место Илинден за дел од Стопански комплекс КО Илинден УБ 1**, измена и дополна Општина Илинден, план 2010-2020

- Површина на плански опфат П=24.80 ха
- Градежни парцели сопственост на РМ за кои треба да се отпочне постапка за отуѓување 2.61 ха
- Намена - Лесна индустрија Г2 со компатибилни намени




| Бр. на ГП | 1.1 | 1.4 |
|---|---|---|
| Вк.површ. на ГП | 15493 м2 | 10659 м2 |
| Намена | Г2 | Г2 |
| Бр. на КП | 184,185, 186,189 | 844,845 |
| Површ. за градба | 10845 м2 | 8212 м2 |
| Бруто разв.површ. | 17042 м2 | 12905м2 |
| Процент на изград. | 70 | 70 |
| Коеф. на искорист. | 1.1 | 1.1 |
| Макс.дозвол.Н | 12 м | 12 м |
| Катност | П+2 | П+2 |
| Поч.цена по м2 | 1Е/м2 | 1Е/м2 |
| Вк.поч.цена по м2 | 15493 Е | 10659 Е |

# ПОВЕЌЕНАМЕНСКА ЗОНА ВО ИЛИНДЕН - ОГРАЃА

**Урбанистички план за село Илинден, Марино и дел од Кадино**
**Локалитет Ограѓа, Општина Илинден**
**изменување и дополнување**
**плански период 2009-2019**

- Површина на плански опфат П=6.06 ха
- Градежни парцели сопственост на РМ за кои треба да се отпочне постапка за отуѓување 1.58 ха
- Намена - Групно домување А3
  - Здравство и соц. заштита В2
  - Простори за собири Б6

| Бр. на ГП | 1.1 | 1.2 | 1.3 |
|---|---|---|---|
| Вк.површ. на ГП | 9969 м2 | 2878 м2 | 2965 м2 |
| Намена | А3 | Б6 | В2 |
| Бр. на КП | 1219 | 1219 | 1219 |
| Површ. за градба | 4486 м2 | 1295 м2 | 1334 м2 |
| Бруто разв.површ. | 13459 м2 | 3886 м2 | 4003 м2 |
| Процент на изград. | 45 | 45 | 45 |
| Коеф. на искорист. | 1.35 | 1.35 | 1.35 |
| Макс.дозвол.Н | 10 м | 10.2 м | 10.2 м |
| Катност | П+2 | П+2 | П+2 |
| Поч.цена по м2 | 1Е/м2 | 1Е/м2 | 1Е/м2 |
| Вк.поч-цена по м2 | 9969 Е | 2878 Е | 2965 Е |



# ЕКОНОМСКА ЗОНА ТРНИЦА

**Локална урбанистичка планска документација за КП 1807/1 КО Илинден**
**Локалитет Трница**

- Површина на плански опфат П=4.17 ха
- Градежни парцели сопственост на РМ за кои треба да се отпочне постапка за отуѓување 3.47 ха
- Намена - Комунална супраструктура Е2 со компатибилни намени

*Парцели во сопственост на РМ

| | |
|---|---|
| Бр. на ГП | 1.1 |
| Вк.површ. на ГП | 39927 м2 |
| Намена | Е2 |
| Бр. на КП | 1807/1 |
| Површ. за градба | 29022 м2 |
| Бруто разв.површ. | 66751 м2 |
| Процент на изград. | 73 |
| Коеф. на искорист. | 1.7 |
| Макс.дозвол.Н | 10.5 м |
| Катност | П+2 |
| Поч.цена по м2 | 1Е/м2 |
| Вк.поч.цена по м2 | 39927 Е |



# СПОРТСКИ ЦЕНТАР ИЛИНДЕН - МАРИНО

**Измена и дополна на урбанистички план во село Илинден, Локалитет Спортски центар, Општина Илинден планска документација 2007-2017**

- Површина на плански опфат  П=10.13 ха
- Градежни парцели сопственост на РМ за кои треба да се отпочне постапка за отуѓување 0.61 ха
- Намена - Домување во семејни куќи А1



# СПОРТСКИ ЦЕНТАР ИЛИНДЕН - МАРИНО

| Бр. на ГП | 2.4 | 2.5 | 2.6 | 2.7 | 2.8 | 2.9 | 2.10 | 2.11 | 2.12 | 2.13 | 2.17 | 2.18 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Вк.површ. на ГП | 470 м2 | 379 м2 | 405 м2 | 773 м2 | 650 м2 | 552 м2 | 595 м2 | 373 м2 | 449 м2 | 477 м2 | 480 м2 | 454 м2 |
| Намена | А1 | А1 | А1 | А1 | А1 | А1 | А1 | А1 | А1 | А1 | А1 | А1 |
| Бр. на КП | 2440/1 | 2440/1 | 2440/1 | 2440/1 | 2440/1 | 2440/1 | 2440/1 | 2440/1 | 2440/1 | 2440/1 | 2440/1 | 2440/1 |
| Површ. за градба | 167 м2 | 176 м2 | 185 м2 | 185 м2 | 176 м2 | 176 м2 | 138 м2 | 160 м2 | 193 м2 | 141 м2 | 145 м2 | 145 м2 |
| Бруто разв.површ. | 500 м2 | 527 м2 | 555 м2 | 555 м2 | 528 м2 | 528 м2 | 415 м2 | 480 м2 | 578 м2 | 423 м2 | 435 м2 | 435 м2 |
| Процент на изград. | 35.4 | 46.4 | 45.7 | 23.9 | 27.1 | 31.9 | 23.3 | 42.9 | 42.9 | 29.5 | 30.2 | 31.9 |
| Коеф. на искорист. | 1.06 | 1.39 | 1.37 | 0.72 | 0.81 | 0.96 | 0.70 | 1.29 | 1.29 | 0.89 | 0.91 | 0.96 |
| Макс.дозвол.Н | 9.90 м | 9.90 м | 9.90 м | 9.90 м | 9.90 м | 9.90 м | 9.90 м | 9.90 м | 9.90 м | 9.90 м | 9.90 м | 9.90 м |
| Катност | П+2 | П+2 | П+2 | П+2 | П+2 | П+2 | П+2 | П+2 | П+2 | П+2 | П+2 | П+2 |
| Поч.цена по м2 | 1Е/м2 | 1Е/м2 | 1Е/м2 | 1Е/м2 | 1Е/м2 | 1Е/м2 | 1Е/м2 | 1Е/м2 | 1Е/м2 | 1Е/м2 | 1Е/м2 | 1Е/м2 |
| Вк.поч.цена по м2 | 470 Е | 379 Е | 405 Е | 773 Е | 650 Е | 552 Е | 595 Е | 373 Е | 449 Е | 477 Е | 480 Е | 454 Е |

# ЗОНА НА ДОМУВАЊЕ ВО МАРИНО

**Урбанистички план за дел од село Марино дел од блок 28**
**Локалитет 13, измена и дополна**
**ОпШтина Илинден, плански период 2008-2018**

- Површина на плански опфат П=8.5 ха
- Градежни парцели сопственост на РМ за кои треба да се отпочне постапка за отуѓување 2.375 ха
- Намена - Семејно домување во станбени куќи А1
  - Мали комерцијални дејности Б1



# ЗОНА НА ДОМУВАЊЕ ВО МАРИНО

| Бр. на ГП | 1.14 | 1.15 | 1.23 | 1.24 | 1.25 | 1.26 | 1.27 | 1.28 | 1.29 | 1.30 | 1.31 | 1.32 | 1.33 | 1.34 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Вк.површ. на ГП | 779 м2 | 915 м2 | 440 м2 | 441 м2 | 430 м2 | 420 м2 | 410 м2 | 400 м2 | 390 м2 | 380 м2 | 369 м2 | 359 м2 | 349 м2 | 332 м2 |
| Намена | Б1 | Б1 | А1 | А1 | А1 | А1 | А1 | А1 | А1 | А1 | А1 | А1 | А1 | А1 |
| Бр. на КП | 257/1 | 257/1 | 257/1 | 257/1 | 257/1 | 257/1 | 257/1 | 257/1 | 257/1 | 257/1 | 257/1 | 257/1 | 257/1 | 257/1 |
| Површ. за градба | 424 м2 | 548 м2 | 214 м2 | 215 м2 | 150 м2 | 146 м2 | 142 м2 | 180 м2 | 173 м2 | 127 м2 | 120 м2 | 114 м2 | 139 м2 | 132 м2 |
| Бруто разв.површ. | 1271 м2 | 1644 м2 | 642 м2 | 645 м2 | 450 м2 | 438 м2 | 426 м2 | 541 м2 | 520 м2 | 381 м2 | 360 м2 | 342 м2 | 417 м2 | 397 м2 |
| Процент на изград. | 54.4 | 59.9 | 48.6 | 48.8 | 34.8 | 34.7 | 34.6 | 45.1 | 44.5 | 33.5 | 32.5 | 31.7 | 39.8 | 39.8 |
| Коеф. на искорист. | 1.63 | 1.80 | 1.46 | 1.46 | 1.00 | 1.00 | 1.00 | 1.35 | 1.34 | 1.00 | 0.97 | 0.95 | 1.19 | 1.19 |
| Макс.дозвол.Н | 11.40 м | 11.40 м | 10.20 м | 10.20 м | 10.20 м | 10.20 м | 10.20 м | 10.20 м | 10.20 м | 10.20 м | 10.20 м | 10.20 м | 10.20 м | 10.20 м |
| Катност | П+2 | П+2 | П+2 | П+2 | П+2 | П+2 | П+2 | П+2 | П+2 | П+2 | П+2 | П+2 | П+2 | П+2 |
| Поч.цена по м2 | 1Е/м2 | 1Е/м2 | 1Е/м2 | 1Е/м2 | 1Е/м2 | 1Е/м2 | 1Е/м2 | 1Е/м2 | 1Е/м2 | 1Е/м2 | 1Е/м2 | 1Е/м2 | 1Е/м2 | 1Е/м2 |
| Вк.поч.цена по м2 | 779 Е | 915 Е | 440 Е | 441 Е | 430 Е | 420 Е | 410 Е | 400 Е | 390 Е | 380 Е | 369 Е | 359 Е | 349 Е | 332 Е |

| Бр. на ГП | 1.35 | 1.36 | 1.37 | 1.38 | 1.39 | 1.40 | 1.41 | 1.42 | 1.43 | 1.44 | 1.45 | 1.46 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Вк.површ. на ГП | 351 м2 | 350 м2 | 341 м2 | 349 м2 | 365 м2 | 381 м2 | 397 м2 | 414 м2 | 430 м2 | 446 м2 | 462 м2 | 347 м2 |
| Намена | А1 | А1 | А1 | А1 | А1 | А1 | А1 | А1 | А1 | А1 | А1 | А1 |
| Бр. на КП | 257/1 | 257/1 | 257/1 | 257/1 | 257/1 | 257/1 | 257/1 | 257/1 | 257/1 | 257/1 | 257/1 | 257/1 |
| Површ. за градба | 163 м2 | 156 м2 | 113 м2 | 108 м2 | 118 м2 | 167 м2 | 177 м2 | 148 м2 | 150 м2 | 155 м2 | 208 м2 | 152 м2 |
| Бруто разв.површ. | 488 м2 | 467 м2 | 339 м2 | 324 м2 | 354 м2 | 500 м2 | 532 м2 | 444 м2 | 450 м2 | 465 м2 | 624 м2 | 456 м2 |
| Процент на изград. | 46.3 | 44.5 | 33.2 | 30.9 | 32.3 | 43.7 | 44.6 | 35.0 | 34.9 | 34.8 | 45.0 | 43.9 |
| Коеф. на искорист. | 1.39 | 1.33 | 1.00 | 0.93 | 0.97 | 1.31 | 1.34 | 1.00 | 1.00 | 1.00 | 1.35 | 1.32 |
| Макс.дозвол.Н | 10.20 м | 10.20 м | 10.20 м | 10.20 м | 10.20 м | 10.20 м | 10.20 м | 10.20 м | 10.20 м | 10.20 м | 10.20 м | 10.20 м |
| Катност | П+2 | П+2 | П+2 | П+2 | П+2 | П+2 | П+2 | П+2 | П+2 | П+2 | П+2 | П+2 |
| Поч.цена по м2 | 1Е/м2 | 1Е/м2 | 1Е/м2 | 1Е/м2 | 1Е/м2 | 1Е/м2 | 1Е/м2 | 1Е/м2 | 1Е/м2 | 1Е/м2 | 1Е/м2 | 1Е/м2 |
| Вк.поч.цена по м2 | 351 Е | 350 Е | 341 Е | 349 Е | 365 Е | 381 Е | 397 Е | 414 Е | 430 Е | 446 Е | 462 Е | 347 Е |

# МАЛО СТОПАНСТВО МАРИНО




**Урбанистички план за село Илинден, Марино и дел од КО Кадино , за стопански комплекс , урбан блок 29 Локалитет 14 и 15,** измена и дополна

Плански опфат помеѓу: ул."1", канал "3", ул."4", канал"1"

- Површина на плански опфат П=22.97 ха
- Градежни парцели сопственост на РМ за кои треба да се отпочне постапка за отуѓување 0.29 ха
- Намена - Лесна индустрија Г2 со компатибилни намени

| | |
|---|---|
| Бр. на ГП | 14.5 |
| Вк.површ. на ГП | 2984 м2 |
| Намена | Г2 |
| Бр. на КП | 263/1 |
| Површ. за градба | 2000 м2 |
| Бруто разв.површ. | 3000 м2 |
| Процент на изград. | 67 |
| Коеф. на искорист. | 1.0 |
| Макс.дозвол.Н | 12 м |
| Катност | П+2 |
| Поч.цена по м2 | 1Е/м2 |
| Вк.поч.цена по м2 | 2984 Е |

# МАЛИ КОМЕРЦИЈАЛНИ И ДЕЛОВНИ ДЕЈНОСТИ - КАДИНО

**Урбанистички план за село Кадино и Мралино**
**Локалитет 16 и 17**
**БЛОК 1, БЛОК 2, БЛОК 3 И БЛОК 6**
**изменување и дополнување**
**Општина Илинден,**
**плански развој 2008-2018**

- Површина на плански опфат П=11.60 ха
- Градежни парцели сопственост на РМ за кои треба да се отпочне постапка за отуѓување 0.86 ха
- Намена - м.комерц . дејности Б1




**БЛОК 1**

| Бр. на ГП | 1.1 | 1.3 | 1.5 | 1.7 |
|---|---|---|---|---|
| Вк.површ. на ГП | 4444 м2 | 1272 м2 | 1555 м2 | 1322 м2 |
| Намена | Б1 | Б1 | Б1 | Б1 |
| Бр. на КП | 381 | 380 | 380 | 381 |
| Површ. за градба | 1491 м2 | 513 м2 | 644 м2 | 500 м2 |
| Бруто разв.површ. | 4473 м2 | 1593 м2 | 1932 м2 | 1500 м2 |
| Процент на изград. | 34 | 40 | 41 | 38 |
| Коеф. на искорист. | 1.0 | 1.2 | 1.2 | 1.1 |
| Макс.дозвол.Н | 11 м | 11 м | 11 м | 11 м |
| Катност | П+2 | П+2 | П+2 | П+2 |
| Поч.цена по м2 | 1Е/м2 | 1Е/м2 | 1Е/м2 | 1Е/м2 |
| Вк.поч.цена по м2 | 4444 Е | 1272 Е | 1555 Е | 1322 Е |

# ЕКОНОМСКА ЗОНА КАДИНО




**Урбанистички план вон населено место Кадино**
**Локалитет 19**
плански опфат помеѓу ул.“532“ , ул.“8“, ул.“4“ и новопланираната улица “1“ Општина Илинден
плански период 2009-2019 година

- Површина на плански опфат П=10.51 ха
- Градежни парцели сопственост на РМ за кои треба дасе отпочне постапка за отуѓување 0.72 ха

Намена – Лесна индустрија Г2

| | |
|---|---|
| Бр. на ГП | 1.4 |
| Вк.површ. на ГП | 7239 м2 |
| Намена | Г2-Г4 |
| Бр. на КП | 382/1 |
| Површ. за градба | 4491 м2 |
| Бруто разв.површ. | 13474 м2 |
| Процент на изград. | 62.04 |
| Коеф. на искорист. | 1.86 |
| Макс.дозвол.Н | 13 м |
| Катност | П+2 |
| Поч.цена по м2 | 1Е/м2 |
| Вк.поч.цена по м2 | 7239 Е |

## 3. Маркетинг стратегија за промоција на градежното земјиште што е предмет на оваа Програма

- **Дефинирање на целни групи за оделни групи на градежни парцели**

a. Целна група за наменска зона А1 – домување во станбени куќи : млади брачни парови, граѓани со помала куповна моќ, граѓани со субстандардни услови за живеење.
b. Целна група за наменска зона А3 – групно домување (дом за стари лица) : стари лица, пензионери и слично,
c. Целна група за наменска зона Б1 – мали комерцијални и деловни намени : Домашни и странски инвеститори за изградба на дуќани, трговски центри, занаетчиски дуќани, услужни дејности, трговија и слично.
d. Целна група за наменска зона Б6 – градби за собири (спортски центри и објекти, забавен парк) : сите жители на општина Илинден,
e. Целна група за наменска зона Г2 – лесна и незагадувачка индустрија : Домашни и странски инвеститори за проширување на постоечки индустриски капацитети, откупно дистрибутивни и логистички центри, производство, складирање и слично,
f. Целна група за наменска зона Е2 – комунална супраструктура : Домашни и странски инвеститори за изградба на нови терминали, бензински пумпни станици, услужни центри и слично.
g. Целна група за наменска зона В2 – здравство и социјална заштита: сите жители на општина Илинден.

- **Дефинирање на најефикасните маркетинг пристапи, алатки и канали :**
- Надградба и проширување на веб страната на општина Илинден, развивање на инфраструктура за информатичка техологија, интерактивна ВЕБ страница и интернет , изготвување и дистрибуција на промотивен материјал, презентирање и лобирање на општината, Медиумско презентирање на економските потенцијали и ресурси на општина Илинден, изработка на елаборати за можности за инвестирање, издавање на Општински информатор, изработка на 3Д анимација, одржување на Форуми за локален економски развој и слично.
- **Опфат и трошоците поврзани со имплементација на маркетинг стратегијата**

Трошоци и потребни средства за имплементација на цела Годишна Програма - 2.000.000,00 денари

- **Временската рамка за имплементација на маректинг стратегијата**

Континуирано во текот на цела година, до реализација на Годишната Програма.

- **Лица задолжени за имплементација на маркетинг стратегијата**

Дејанче Богдановски, Зоранчо Гриовски, Ристо Томовски.

## 4.Динамика на реализација на Програмата

- **Број на турнуси за објавување оглас, временски период за објавување на огласите и распределба на градежните парцели по турнуси**

| Бр. | Градежни парцели | Населено место | Број на турнуси за објавување на оглас | Временски период за објавување на огласите | Број на градежни парцели |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | ГП3.1, ГП 1.4, 1.1 | Илинден | 2 | во третиот квартал на 2011 година | 3 |
| 2 | 1.1, 1.2, и ГП 1.3 | Илинден - Ограѓа | 2 | во третиот квартал на 2011 година | 3 |
| 3 | ГП 1.1 | Илинден - Трница | 2 | во четвртиот квартал на 2011 година | 1 |
| 4 | ГП 2.4, 2.5, 2.6, 2.7, 2.8, 2.9,2.10, 2.11, 2.12, 2.13, 2.17 и ГП 2.18 | Илинден - Спортски центар | 2 | во четвртиот квартал на 2011 година | 12 |
| 5 | ГП 1.23, 1.24, 1.25, 1.26, 1.27, 1.28, 1.29, 1.30, 1.31, 1.32, 1.33, 1.34, 1.35, 1.36, 1.37, 1.38, 1.39, 1.40, 1.41, 1.42, 1.43, 1.44, 1.45, 1.46, 1.14 и ГП 1.15 | Марино – Локалитет 13 | 3 | во третиот квартал на 2011 година | 26 |
| 6 | ГП 14.5 | Марино – Локалитет 14 и 15 | 2 | во третиот квартал на 2011 година | 1 |
| 7 | ГП 1.4 | Кадино – Локалитет 19 | 2 | во четвртиот квартал на 2011 година | 1 |
| 8 | ГП 1.1, 1.3, 1.5 и 1.7 | Кадино – Локалитет 16 и 17 | 3 | во четвртиот квартал на 2011 година | 4 |
| ВКУПНО | | | | | 51 |

- **Пропишување на условите за надавање**

Се пропишуваат/определуваат следните параметри:
-Висината на депозитот за учество,
-Интернет страница на кое ќе се врши наддавањето - www.gradezno-zemjiste.mk
-Условите за учество и други обврски

- **Лица надлежни за реализацијата на Програмата**

- Јулијана Димитријевска, дипломиран инженер архитект, Раководител на Одделение за урбанизам, комунални дејности и заштита на животна средина,

- Дејанче Богдановски, дипломиран машински инженер, Раководител на одделение за локален економски развој,
- Гордана Стојкоска, дипломиран правник, Раководител на одделение за човечки ресурси,
- Сашо Саздовски, дипломиран економист, Раководител на одделение за финансиски прашања,
- Милка Петковска, дипломиран инженер архитект, Советник за локациски услови и одобренија за градење
- Ивица Трипуновски, дипломиран правник, Виш соработник за нормативно правни работи

**5.Проценка на финансиските приливи по основ на реализација на Програмата**

| Бр. | Населено Место (Локалитет) | Проценка на финансиски приходи ( во денари) |
|---|---|---|
| 1 | Илинден | 33.500.000,00 |
| 2 | Илинден - Ограѓа | 15.600.000,00 |
| 3 | Илинден - Трница | 3.900.000,00 |
| 4 | Илинден -Спортски центар | 4.500.000,00 |
| 5 | Марино – Локалитет 13 | 6.500.00,00 |
| 6 | Марино – Локалитет 14 и 15 | 750.000,00 |
| 7 | Кадино – Локалитет 19 | 1.800.000,00 |
| 8 | Кадино – Локалитет 16 и 17 | 2.100.000,00 |
| ВКУПНО | | 68.650.000,00 |

**6.Проценка на финансиските средства потребни за реализација на Програмата**

2.000.000,00 денари

**7.Преодни и завршни одредби**

- Програмата ја усвојува Советот на општината.
- Програмата може да се изменува и дополнува на начин и постапка иста по која и се донесува.
- За спроведувањето на оваа Програма надлежен е Градоначалникот на општина Илинден.
- Програмата влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во Службениот гласник на општина Илинден.

**Арх.бр.07-3493/4**
**Датум на донесување 27.07.2011год.**

**Совет на Општина Илинден**
**Претседател**
**м-р Марјан Милошевски, с.р**

Согласно член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Сл.весник на Р.М. бр.5/2002) и член 37 од Статутот на општина Илинден (Сл.гласник бр.15/2010), Градоначалникот на општина Илинден, донесе :

## Р Е Ш Е Н И Е
## за објавување на Одлуката за утврдување на потребата од изработување на Локална урбанистичка планска документација вон населено место, за повеќенаменски комплекс КП бр.460 КО Текија и КП бр.360 КО Бујковци, Општина Илинден

Се објавува Одлуката за утврдување на потребата од изработување на Локална урбанистичка планска документација вон населено место, за повеќенаменски комплекс КП бр.460 КО Текија и КП бр.360 КО Бујковци, Општина Илинден, бр.07-3493/5 од 27.07.2011 година што Советот на Општина Илинден ја донесе на 36-тата (триесет и шестата) редовна седница одржана на ден 27.07.2011 година.

Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе биде објавено во Службен гласник на општина Илинден.

**Арх.бр. 08-08-3836/3**
**Од 28.07.2011 год.**

**ОПШТИНА ИЛИНДЕН**
**Градоначалник**
**Жика Стојановски с.р**

Врз основа на член 50-а од Законот за просторно и урбанистичко планирање (Сл.весник на Р.М. бр.51/2005, бр.137/2007и бр.91/2009) и член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа (Сл.весник на Р.М. бр.5/2002), Советот на Општина Илинден на седницата одржана на ден 27.07.2011 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за утврдување на потребата од изработување на Локална урбанистичка планска документација вон населено место, за повеќенаменски комплекс КП бр.460 КО Текија и КП бр.360 КО Бујковци, Општина Илинден**

**Член 1**

Со оваа Одлука се утврдува потребата од изработување на Локална урбанистичка планска документација вон населено место, за повеќенаменски комплекс КП бр.460 КО Текија и КП бр.360 КО Бујковци, Општина Илинден.

Подносител на барање за иницијатива за изработување на Локална урбанистичка планска документација од став 1 член 1 на оваа Одлука е МАКПЕТРОЛ АД Скопје.

**Член 2**

Со Локалната урбанистичка планска документација вон населено место, за повеќенаменски комплекс КП бр.460 КО Текија и КП бр.360 КО Бујковци, Општина Илинден се врши уредување на просторот со формирање на градежна.

**Член 3**

Планскиот опфат се наоѓа помеѓу автопатот Е-75 и локалниот пат покрај рафинеријата на нафта. Границите на планскиот опфат се следните: од североисток границата се совпаѓа со североисточната ограда на комплексот односно границата се совпаѓа со ј југозападната ивица на ножицата од локалниот пат, при што се отсекува дел од КП бр.461, Кп бр.460, КП бр.459 КО Текија во правец северозапад-југоисток, од југоисток границата се совпаѓа со западната ограда на комплексот (при што отсекува дел од КП бр.459, КП бр.460, и КП бр.488/4 во правец север – југ) и продолжува следејќи ја југозападната граница на КП бр.360, до пресекот со северната меѓа на КП 828/1, од југозапад границата се совпаѓа со југозападната граница на КП бр.360 и отсекува мал дел од КП бр.828/1 во правец југоисток-северозапад и од северозапад границата се совпаѓа со северозападната ограда на комплексот при што делумно се совпаѓа со северозападната граница на КП бр.461, отсекува дел од КП бр.462, 463, 1311/3, 360, 660/2, 661/2, 662/2, 663/2, 816/1, 815, 811 и КП бр.1292 во правец североисток-југозапад се до пресекот со југозападната граница. Површината на планскиот опфат изнесува 14,61 хектари.

**Член 4**

По утврдувањето на потребата од изработување на Локална урбанистичка планска документација вон населено место, за повеќенаменски комплекс КП бр.460 КО Текија и КП бр.360 КО Бујковци, Општина Илинден, истата треба да биде одобрена од страна на Градоначалникот на Општина Илинден.

**Член 5**

Средствата за изработување на Локалната урбанистичка планска документација ќе паднат на товар на подносителот на барањето МАКПЕТРОЛ АД Скопје.

**Член 6**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во Службен гласник на Општина Илинден.

**Арх.бр. 07-3493/5**
**Датум на донесување 27.07.2011год.**

**Совет на Општина Илинден**
**Претседател**
**м-р Марјан Милошевски с.р**

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
Центар за развој на СКОПСКИ ПЛАНСКИ РЕГИОН
Бр. 02-57/5
12.07 2011 год.
СКОПЈЕ

Врз основа на член 20 од Законот за рамномерен регионален развој (Службен Весник на Република Македонија, број 63, од 22 мај 2007 година) Советот за развој на Скопскиот плански регион, на седницата одржана на ден 01.07. 2011 година, во Скопје, ја донесе следната

# ОДЛУКА

## ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ГРАДЕЖЕН ОБЈЕКТ ДЕПОНИЈА „ДРИСЛА" ЗА РЕГИОНАЛНА ДЕПОНИЈА НА СКОПСКИОТ ПЛАНСКИ РЕГИОН

Член 1

Се прогласува градежниот објект депонија „Дрисла" за регионална депонија на Скопскиот плански регион.

Член 2

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на донесување, а ќе се објави во Службен гласник на општините: Град Скопје, Аеродром, Бутел, Гази Баба, Ѓорче Петров, Карпош, Кисела Вода, Сарај, Центар, Чаир, Шуто Оризари, Арачиново, Зелениково, Илинден, Петровец, Сопиште, Студеничани, Чучер Сандево.

01.07.2011 г.
Скопје

СОВЕТ ЗА РАЗВОЈ НА СКОПСКИОТ
ПЛАНСКИ РЕГИОН
Претседател,
Сокол Митровски

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
Центар за развој на СКОПСКИ ПЛАНСКИ РЕГИОН

Бр. 02-57/4
12.07 2011 год
СКОПЈЕ

Врз основа на член 19 и член 21 од Законот за рамномерен регионален развој (Службен Весник на Република Македонија, број 63, од 22 мај 2007 година) Советот за развој на Скопскиот плански регион, на седницата одржана на ден 01.07. 2011 година, во Скопје, ја донесе следната

# ОДЛУКА

## ЗА ИЗБОР НА ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОВЕТОТ ЗА РАЗВОЈ НА СКОПСКИОТ ПЛАНСКИ РЕГИОН

Член 1

За Претседател на Советот за развој на Скопскиот плански регион се избира: Сокол Митровски, градоначалник на општина Ѓорче Петров.

Член 2

Мандатот на претседателот е 2 (две) години со право на повторен избор.

Член 3

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на донесување, а ќе се објави во Службен гласник на општините: Град Скопје, Аеродром, Бутел, Гази Баба, Ѓорче Петров, Карпош, Кисела Вода, Сарај, Центар, Чаир, Шуто Оризари, Арачиново, Зелениково, Илинден, Петровец, Сопиште, Студеничани, Чучер Сандево.

01.07.2011 г.
Скопје

СОВЕТ ЗА РАЗВОЈ НА СКОПСКИОТ
ПЛАНСКИ РЕГИОН
Претседател,
Сокол Митровски

## СОДРЖИНА

**1.**Решение за објавување на Одлуката за усвојување на Квартален извештај за извршување на Буџетот на Општина Илинден за II (втор) квартал од 2011 година, бр.08-3836/1 од 28.07.2011 година................................................................**стр.2**
**2.**Одлука за усвојување на Квартален извештај за извршување на Буџетот на Општина Илинден за II (втор) квартал од 2011 година, бр.07-3493/3 од 27.07.2011 година...................................................................................................................**стр.3**
**3.**Решение за објавување на Програмата за работа во областа на располагањето со градежното земјиште сопственост на Република Македонија на подрачјето на Општина Илинден за 2011 година, бр.08-3836/2 од 28.07.2011 година ...................................................................................................................**стр.4**
**4.**Програма за работа во областа на располагањето со градежното земјиште сопственост на Република Македонија на подрачјето на Општина Илинден за 2011 година, бр.07-3493/4 од 27.07.2011 година...................................................**стр.5-стр.25**
**5.** Решение за објавување на Одлуката за утврдување на потребата од изработување на Локална урбанистичка планска документација вон населено место, за повеќенаменски комплекс КП бр.460 КО Текија и КП бр.360 КО Бујковци, Општина Илинден, бр.08-3836/3 од 28.07.2011 година........................................................**стр.26**
**6.**Одлука за утврдување на потребата од изработување на Локална урбанистичка планска документација вон населено место, за повеќенаменски комплекс КП бр.460 КО Текија и КП бр.360 КО Бујковци, Општина Илинден бр.07-3493/5 од 27.07.2011 година..........................................................................................**стр.27-стр.28**
**7.**Одлука за прогласување на градежен објект „ДРИСЛА“ за регионална депонија на скопскиот плански регион бр.02-57/5 од 12.07.2011 година...................................**стр.29**
**8.**Одлука за избор на Претседател на Советот за развој на Скопскиот плански регион бр.02-57/4 од 12.07.2011 година.........................................................................**стр.30**